Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

# НАЦРТ - СТРАТЕШКИ ПЛАН 2012-2014

Стратешкиот план претставува исклучиво пишан документ, легализиран низ процесот на формално одлучување на организацијата, долгорочен водич за делувањето, развојот и надградбата на капацитетот, ефикасноста и функционалноста на Министерството за здравство.

Реалниот и соодветно развиен стратешки план, обезбедува посветеност на членовите на организацијата во неговата имплементација и овозможува мониторинг на спроведувањето на планираните активности.

Стратешкото мислење претставува комплексен процес кој нуди рамка на мислење и креирање на одговори адекватни на предизвиците на Министерството за здравство. Креирањето на визијата согласно реалноста, развивање на способности за тимска работа, развивање и решавање на проблемите и критичкото мислење, се само резултат на тоа што во процесот на стратешкото мислење го гледаме целиот систем, а не само неговите поодделни делови.

Процесот на стратешко планирање овозможува на систематски и структуриран начин да се анализираат, планираат, следат и евалуираат, надлежностите и обврските, искористеноста на постоечките ресурси, нивната распределба по функции и потреба од нови ресурси како и организациската поставеност, човечкиот потенцијал со кој располага министерството, неговата организациона поставеност, внатрешна комуникација и координација, техничка – технолошка опременост, просторните можности и др.

Преку овој процес на планирање се дефинираат и приоритетните прашања кои како политики ќе треба да се усвојат во наредниот период и ќе треба да се вградат во предвидувањата и буџетските пресметки на министерството.

Во рамките на буџетскиот процес за 2012 година, Министерството за здравство ги дефинира сопствените програми, иницијативи и активности за остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата за 2012 година.

## 1.1. Вовед

Стратешкиот план претставува основен план за развој на Министерството за здравство во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на целите во наредниот тригодишен период. Програмите и активностите на Министерството за здравство произлегуваат од утврдената здравствена стратегија до 2020 година, Милениумските цели на ОН во делот за здравството и други стратегии, а се во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Македонија, како и во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2012 година.

Нацрт-Стратешкиот план 2012-2014 година на Министерството за здравство содржи: редефинирани, потврдени и нови развојни активности преку кои ќе се реализираат веќе поставените среднорочни приоритети и програми зацртани во Стратешкиот план за 2008-2010; 2009-2011;2010-2012 ;2011-2013 година.

**ЗА СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО 2012 ГОДИНА СЕ УТВРДУВААТ:**

- **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА ТРАЈНА ОСНОВА, ПОВИСОКА СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ, ПОРАСТ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ ;**
- **ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО И ЕУ, ВРЗ ОСНОВА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СИТЕ РЕФОРМИ И КРИТЕРИУМИ И РЕШАВАЊЕ НА СПОРОТ СО ГРЦИЈА ВРЗ ПРИНЦИПОТ НА НЕЗАГРОЗУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ;**
- **ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ И КОРУПЦИЈАТА И ЕФИКАСНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО;**

- **ОДРЖУВАЊЕ ДОБРИ МЕЃУЕТНИЧКИ ОСНОВИ И ПОДЕДНАКВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И СОЖИВОТ ВРЗ ПРИНЦИПИТЕ НА МЕЃУСЕБНА ТОЛЕРАНЦИЈА И ПОЧИТ КАКО И ДОВРШУВАЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР;**
- **ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО НАЈСИГУРЕН ПАТ ЗА СОЗДАВАЊЕ СИЛНИ ИНДИВИДУИ И СИЛНА ДРЖАВА.**

**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ, СЕ УТВРДУВААТ СЛЕДНИТЕ ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ:**

- јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на регионалната соработка и добрососедски односи ;
- подобрување на бизнис климата и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси ;
- постигнување за позитивни стапки на економски раст ;
- одржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот ;
- спроведување на фискални политики во функција на подршка на економскиот раст ;
- воспоставување на одржливо ниво на јавниот долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит ;
- зголемување на странските и домашните инвестиции ;
- спроведување на активни политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила ;
- искористување на обновливи извори и енергија и зголемување на енергетската ефикасност ;
- спроведување на политиката за рамномерен регионален развој
- натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини ;

- јакнење на надворешната, безбедносната и одбранбената политика
- имплементација на Долгорочниот план за развој на одбраната ( 2010 – 2020 ) ;
- зголемување на учеството во политиките на ЕУ во областа на надворешните односи особено во развојната политика и хуманитарната помош ;
- продолжување со реформата на јавната администрација ;
- зајакнување на внатрешната финансиска контрола во субјектите од јавниот сектор ;
- зголемување на ефикасноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација ;
- јакнење на административните капацитети на централно и локално ниво ;
- поголемо искористување на потенцијалите на информатичкото општество за подигање на нивото на писменост, зголемување на креативноста и иновативноста и пристап до образование и обука ;
- јакнење на административните капацитети и координативнјите структури на преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ ;
- постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ ;
- зајакнување на капацитетите за спроведување на европското законодавство, согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ( НПАА ) ;
- унапредување на заштитата на фундаменталните човекови права ;
- јакнење на транспарентната, независна и разновидна медиумска средина ;
- промоција на културниот идентитет во функција на препознатливост на Република Македонија во меѓународни рамки и развој на туризмот ;

- заштита на соодветно управување со културното наследство и негова ревитализација со цел да се поттикне социо-економскиот развој на национално и локално ниво ;
- зајакнување на довербата на сите заедници во полицијата ;
- јакнење на борбата против тероризмот и организираниот криминал
- јакнење на демократијата и владеењето на правото ;
- заокружување на реформата во судството ;
- зголемување на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики ;
- јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на спроведувањето на Рамковниот договор ;
- заокружување на процесот на децентрализација, јакнење на децентрализираниот систем и фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа ;
- модернизација и унапредување на здраствениот сектор и воспоставување на одржлив, интегриран и ефикасен здраствен информатички систем ;
- подобрување на квалитетот на образованието и науката преку спроведување на стратегиите и реформите во образованието и науката ;
- осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на трудот и развој на економијата ;
- инвестирање во изградба на инфраструктурни објекти ;
- одржливо управување со природните ресурси, заштита на природата и планирање на просторот ;
- зголемување на контролата на индустриското загадување ;
- зголемување на инвестициите во животната средина.

***<u>Средствата потребни за финансирање на стратешките приоритети ќе се предвидат во фискалната стратегија за периодот 2012 -2014 година.</u>***

## ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО

- **Подобрена здравствена состојба на населението**

***Подобрен здравствен статус на населението*** (воспоставување на систем преку кој ќе се следи здравствениот статус на населението, воведување на постапки за редовно следење на здравствениот статус на населението со што ќе се овозможи идентификација на барањата на здравствени услуги. Ваквата идентификација на барањата на здравствени услуги ќе даде сознанија за приоритетните болести на нашата територија, а тоа од своја страна овозможува поставување приоритети, програми и превентивни мерки кои ќе обезбедат подобрен здравствен статус на населението). ***Воспоставување на систем за следење и контрола на заразните болести***, рано откривање и предупредување - зголемено покривање на населението со вакцини и воведување на нови вакцини според потребите, имплементирање во пракса на програмата за задолжителна имунизација на населението, спроведување на Стратегијата за незаразни заболувања во согласност со Европската стратегија на СЗО; Намалена стапка на смртност кај приоритетните болести и заболувања на зависности, како и намален број на жртвите на несреќни ситуации, намалена стапка на смртност кај новороденчињата.

- **Подобрен квалитет на здравствената заштита и здравствените услуги наменети за пациентите, подобрена достапност и сообразност при обезбедувањето здравствени услуги за населението**

***Обезбедување на здравствени услуги кои се повеќе фокусирани кон потребите на пациентите***. Подобрен квалитет на здравствените услуги и нивно мерење и следење. Воведена медицина заснована на докази. (модернизација на системот за заштита на јавното здравство согласно стандардите на ЕУ, подобрување на организацијата на здравствена заштита, унапредување на правата на пациентите во сите медицински интервенции, стандардизиран третман на сите заболувања со цел

секој пациент да добие иста нега во сите здравствени установи, достапна здравствена заштита на целото население што подразбира целосно здравствено осигурување на населението - јасно дефиниран и единствен пакет на здравствени услуги за сите граѓани), ***подобри примарни здравствени услуги на населението во руралните и оддалечените места***, подобрени здравствени услуги во руралните подрачја и оддалечените места од аспект на примарната здравствена заштита и стоматологијата; отварање на здравствени објекти таму каде што ги нема, отварање на стоматолошки амбуланти, распределба и планирање на медицинскиот кадар. Подобрено орално здравје на населението (особено кај младите) ***Подобрени фармацевтски услуги*** преку обезбедени високо квалитетни и со соодветна цена фармацевтски производи за населението, достапни за сите граѓани.

- **Одржлив, ефикасен и достапен (економичен) систем за обезбедување на здравствената заштита на населението**

***Одржливо финансирање на здравството*** – подобрен квалитет на здравствени услуги и рационално трошење на ограничениот здравствен денар, здравствената установа работи со сопствен буџет и нејзиното функционирање зависи од успешноста на работењето и пружањето на здравствени услуги, подобро искористување на средствата според потребите на населението, воспоставување на праведни принципи во распределбата на средствата во здравствениот систем преку почитувањето на принципите на солидарност, праведност и ефикасност, подготовка на транспарентен систем за проценка и поставување приоритетни инвестиции во здравствените институции во согласност со планот на капацитетите, ***воспоставени ефикасни механизми за финансирање на здравствените институции*** преку реализација на предлозите за плаќање по извршена услуга во болниците, воведување на професионален менаџмент, ***развивање на концепт за здравствен информативен систем*** и негово спроведување, интегриран систем за информатичко комуникациска технологија, мрежно работење и интеграција на здравствените организации, воспоставување на капацитети за планирање и следење на функционирањето на здравствениот систем и ФЗО.

- **Подобрена соработка и размена на информациите меѓу сите заинтересирани страни и подобра дистрибуција на информациите до населението, подобрено здравје и здравствена грижа во рамките на единиците на локалната самоуправа**

Подобрување на здравјето на населението со преземени мерки за обезбедување на чист воздух, вода и хигиена на храната; зголемена едукација на населението за водење на здрав начин на живеење, превенција од болести и здравствена екологија. Идентификација на местата каде што се спроведува децентрализација и ***воспоставување на институционалната инфраструктура***, со јасно дефинирани надлежности на општините); подобрување на условите за заштита на ментално здравје во рамките на локалната заедница. **Подобра дистрибуција на информациите до населението *преку формираниот специјален Центар за информации и здравствена превенција како дел од Републичкиот завод за здравствена заштита***

- **Приспособен здравствен систем на глобализацијата кој ќе биде подготвен за членството во ЕУ**

Преку зајакната координација и ***мултилатерална соработка***, ***регионална и билатерална соработка***, преку директно учество во активностите на СТО, со воспоставување на подобра координација во спроведувањето и извршување на Стратегијата на Владата пред пристапување во ЕУ, како и во обезбедувањето на поддршка на меѓународните конвенции и договори и директно учество во нивната подготовка и усвојување.

- **Приспособен здравствен систем на глобализацијата кој ќе биде подготвен за интеграција во НАТО**
- **Подобрено планирање на квалитетот на човечките ресурси**

***Зајакнување на капацитетите за човечки ресурси на сите нивоа***: изготвување на долгорочна проекција на потребите од здравствен кадар врз основа на повеќе индикатори (норми за бројот на вработените, возрасна структура и профил на кадарот, територијална дистрибуција, миграција, потреба од специјалистички и субспецијалистички кадар). Проекцијата ќе претставува основа за креирање на уписната политика на релевантните факултети, високи и средни школи, воспоставена ***континуирана медицинска едукација за вработените во здравствениот сектор.*** Јакнење на административните капацитети на вработените во министерството: ***градење на ефикасна и професионална јавна администрација,*** зголемување на транспарентноста и одговорноста во работењето на администрацијата особено во процесот на доставување на податоци и интерсекторската соработка, донесување на одлуки и поттикнување на активното учество на граѓанскиот сектор, јакнење на административниот капацитет за планирање и развивање политики;

## 1.2. Мисија

**"ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА, ЕФИКАСНА И ДОСТАПНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА*".***

## 1.3. Визија

***П О Д О Б Р О  З Д Р А В Ј Е  Н А  С И Т Е***

## 1.4. Задачи и обврски на органот на државната управа

***Главни надлежности во Министерството за здравство, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, се работите поврзани со:***

- ***Здравствена заштита и здравствено осигурување на населението***

- ***Организација и развој на здравството***
- ***Следење на здравствената состојба на населението***
- ***Заштита на населението од заразни болести, штетни влијанија од гасови, јонизирачко зрачење, бука, воздух, вода, загадена почва, прехрамбени производи, отрови, наркотички средства, хигиена и состојби на епидемија***
- ***Хигиено-епидемиолошка состојба***
- ***Обезбедување на лекови, медицински инструменти, медицинска опрема и санитетски материјал***
- ***Отрови и опојни дроги***
- ***Прехрамбени производи и предмети за општа употреба***
- ***Надзор на терен според своите надлежности***
- ***Загаденост на воздухот, водата, земјиштето и животните продукти и другите активности утврдени со закон***

## 1.5. Специфичност на органот на државната управа

***Специфичноста на Министерството за здравство во однос на другите министерства е што многу мерки што се превземаат од нив во рамките на другите надлежности имаат***

***непосреден одраз на здравјето и здравствената состојба на населението поради што е неопходна координација и соработка со сите министерства.***

## 1.6. Структура на органите на државната управа

| Звања и работни места | Број на извршители |
|---|---|
| Државен советник за превентивна здравствена заштита | 1 |
| Државен советник за примарна здравствена заштита | 1 |
| Државен советник за секундарна и терциерна здравствена заштита | 1 |
| Државен советник за нормативно-правни работи и човечки ресурси | 1 |
| Државен советник за здравствено осигурување и следење на работата на ФЗОМ | 1 |
| Државен советник за здравствен менаџмент и здравствена политика | 1 |

| ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ | |
|---|---|
| Сектор за внатрешна ревизија | 1/1.одделение за внатрешна ревизија во министерството за здравство, органите во состав и проектните единици<br><br>1/2.одделение за внатрешна ревизија во јавните здравствени |
| Сектор за управување со човечки ресурси | 1/1.одделение за мобилност и вработување во државната служба<br><br>1/2.одделение за мотивација, оценување, стручно оспособување и усовршување<br><br>1/3. одделение за мониторинг на екипираност со човечки ресурси |

| | |
|---|---|
| | **на вработените во ЈЗУ и следење на правичната застапеност на заедниците** |
| **Сектор за стратешко планирање, креирање политики и следење** | **1/1.одделение за координација и подготовка на стратешките планови**<br><br>**1/2.одделение за креирање и анализа на програми** |
| **Сектор за превентивна здравствена заштита** | **1/1.одделение за надзор над незаразни болести, животна средина и промоција на здравјето**<br><br>**1/2. одделение за надзор над заразни болести и контрола на епидемии** |
| **Сектор за примарна здравствена заштита** | **1/1.одделение за организација и функционирање на примарна здравствена заштита**<br><br>**1/2.одделение за амбулантно-поликлиничка заштита, итна медицинска помош и домашно лекување со патронажна дејност**<br><br>**1/3 одделение за сестринска и акушерска здравствена нега** |
| **Сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита** | **1/1.одделение за болничка дејност**<br>**1/2.одделение за специјалистичко - консултативна дејност**<br>**1/3. одделение за заштита на правата на пациентите** |
| **Сектор за здравствено осигурување и следење на работата на ФЗОМ** | **1/1.одделение за здравствено осигурување**<br><br>**1/2.одделение за следење и надзор на работата на ФЗОМ** |
| **Сектор за менаџмент во здравството и** | **1/1.одделение за менаџмент во здравствениот сектор со подрачни одделенија (Скопје- општина Центар, Тетово, Дебар, Кичево, Охрид,** |

| | |
|---|---|
| **информатичка технологија** | **Битола, Прилеп, Кавадарци, Велес, Гевгелија, Струмица, Штип, Кочани, Делчево, Куманово)**<br>**1/2.одделение за информатичка инфраструктура и поддршка на веб страница и мултимедија** |
| **Сектор за евроинтеграции** | **1/1.одделение за преговори и интеграции**<br><br>**1/2одделение за имплементација на ИПА проекти**<br><br>**1/3.одделение за програми на заедницата** |
| **Сектор за нормативно – правни и управни работи** | **1/1.одделение за нормативно-правни работи**<br><br>**1/2.одделение за управни работи**<br><br>**1/3.одделение за судски и управни спорови** |
| **Сектор меѓународна соработка и техничка помош на кабинет** | **1/1.одделение за протокол и меѓународно - техничка соработка**<br><br>**1/2.одделение за координација и техничка помош на кабинет**<br><br>**1/3.одделение за односи со јавноста** |
| **Сектор за менаџирање на кризи во здравствениот сектор и донации** | **1/1.одделение за организација и функционирање на здравството во услови на вонредни околности**<br>**1/2.одделение за менаџирање на кризни состојби, евиденција и планирање на медицинска опрема**<br>**1/3.одделение за донации** |
| **Сектор за стоматолошка заштита** | **1/1.одделение за примарна и превентивна стоматолошка заштита**<br><br>**1/2.одделение за секундарна и терцијарна стоматолошка заштита** |

| | |
|---|---|
| **Сектор за финансиски прашања** | **1/1.одделение за буџетска координација**<br><br>**1/2 одделение за сметководство и плаќања**<br><br>**1/3.одделение за координација на јавните набавки**<br><br>**1/4 одделение за буџетска контрола** |
| **Сектор за општи работи** | **1/1.одделение за административно – технички работи и архивско работење**<br><br>**1/2 одделение за координација на возен парк** |
| **Сектор за информатичка и комуникациска технологија** | **1/1 одделение за системска и мрежна администрација и администрација на бази на податоци**<br><br>**1/2 одделение за развој на апликации и ВЕБ сервиси** |
| **Сектор за следење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги** | **1/1 одделение за акредитација на здравствените установи**<br><br>**1/2 0одделение за унапредување на квалитетот на работењето на здравствените установи и безбедност на пациентите**<br><br>**1/3 одделение за национални здравствени сметки** |
| **Проектна единица за имплементација на проектот за реконструкција и доградба на објектите на здравствени установи** | |
| **Проектна единица за имплементација на активности финасирани од ГФАТМ – компонента ХИВ/СИДА** | |
| **Проектна единица за имплементација на активности финансирани од ГФАТМ – компонента туберкулоза** | |

| ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО | |
|---|---|
| **БИРО ЗА ЛЕКОВИ** | |
| **Сектор за лекови** | **1/1.одделение за регулатива и управни постапки за лековите**<br><br>**1/2.одделение за промет со лекови и регистрација на фармацевтската дејност**<br><br>**1/3.одделение за фармакоинформатика** |
| **Сектор за медицински помагала** | **1/1.одделение за управни постапки и регулатива со медицински помагала**<br><br>**1/2. одделение за промет со медицински помагала** |
| **Сектор за контролирани супстанции** | **1/1.одделение за промет со лекови кои содржат контролирани супстанции**<br><br>**1/2.одделение – центар за следење на дрога** |
| **Сектор за хемикалии** | **1/1.одделение за управување со хемикалии**<br><br>**1/2.одделение за управни постапки за хемикалиите и регулатива** |
| **Сектор за инспекциски** | **1/1.одделение за инспекциски надзор над прометот со лековите и** |

| | |
|---|---|
| надзор од областа на лековите и медицинските помагала | медицинските помагала<br><br>1/2.одделение за инспекциски надзор над прометот со лековите и медицинските помагала (подрачни одделенија) |
| **ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ** | |
| Сектор за инспекциски надзор | 1/1.одделение за инспекциски надзор од областа на епидемиологијата<br>1/2.одделение за инспекциски надзор од областа на радиолошка заштита, нејонизирачко зрачење, опасни материи (отрови, прекурсори и опојни дроги<br>1/3.одделение за граничен инспекциски надзор (Битола, Делчево,Гевгелија, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Штип, Тетово, Крива Паланка, Скопје (Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар,Чаир)<br>1/4 Подрачно одделение за инспекциски надзор |
| Сектор за стручно-советодавни, правни и управни работи | 1/1. одделение за стручно советодавни, правни и управни работи<br><br>1/2 одделение за санитарно-технички услови и мислења во постака за издавање на одобренија,заштита на воздухот од загадување отпадни,површински води и депонии за комунален и индустриски смет<br><br>1/3.одделение за воспитно - образовни, социјални, детски установи, сместувачки угостителски капацитети и рекреативни центри |
| Сектор за стручно – советодави работи од областа на здравството | 1/1 одделение за заштита на правата на пациентите<br><br>1/2/ одделение за јавно здравје и правата од здравствено осигурување<br><br>1/3 одделение за здравствена и стоматолошка заштита |

| Сектор за прибирање податоци, изработка, анализа и креирање на политики | 1/1 одделение за прибирање податоци, изработка на податоците, информациите и извештаите<br><br>1/2 одделение за анализа и креирање на политики |
|---|---|

**Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за здравство бр. 07-8441/1 од 14.10.2010 година, вкупниот број на предвидени работни места изнесува 764. Од табелата која следува може да се види структурата и бројот на вработени лица во министерството заклучно со 31.08.2011 година.**

**Процентуална застапеност по националност на вработени лица во Министерството за здравство и органи во состав заклучно со 31.08.2011 година**

| | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Пол | | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно - административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник | Именувани функционер и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | | | | | |
| Македонци | 95 | 49,22% | 29 | 66 | 42 | 44 | 5 | 2 | 2 |
| Албанци | 89 | 46,11% | 63 | 26 | 5 | 58 | 18 | 6 | 2 |
| Турци | 2 | 1,04% | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Роми | 1 | 0,52% | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 1 | 0.52% | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Срби | 2 | 1,04% | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Бошњаци | 1 | 0,52% | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Останати** | **2** | **1,04%** | **2** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **193** | **100%** | **95** | **98** | **49** | **107** | **25** | **8** | **4** |

# 1.7. Односи на органите во состав

Покрај основните функции во министерството (дефинирани како Програма 10 Администрација) во составот на министерството влегуваат уште три агенции:

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ДСЗИ (Програма 20),

БИРО ЗА ЛЕКОВИ (Програма 30) - овој орган во најскоро време ќе премине во Агенција за лекови

# 1.8. Приоритети и цели на органот на државната управа

- **Подобрена здравствена состојба на населението**
- **Одржлив, ефикасен и достапен (економичен) систем за обезбедување на здравствената заштита на населението**
- **Подобрен квалитет и достапност на здравствените услуги**

- Подобрено здравје и здравствена грижа во рамките на единиците на локалната самоуправа
- Подобрена соработка и размена на информациите меѓу сите заинтересирани страни и подобра дистрибуција на информациите до населението
- Градење на ефикасна и професионална јавна администрација
- Здравствен систем приспособен на глобализацијата кој ќе биде подготвен за членството во ЕУ и НАТО

**МОДЕРНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР**

**1. ПОДОБРЕНА ЕФИКАСНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ**

- Реконструкција и доградба (адаптација) на болниците заради подобрување на здравствените услуги
- Интегриран здравствен информатички систем
- Имплементација на електронска здравствена картичка
- Изградба на амбуланти во рурални подрачја
- Изградба на Дијагностички Центар во Клиничка Болница Тетово

**2. НАБАВКА НА НОВА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА**

- Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ
- Проект за воведување на позитрон емисиона томографија ПЕТ Центар

- **Програма за рационализација на управувањето и модернизација на биомедицинска технологија во здравствен сектор во РМ**

**3. РАЗВОЈ НА ДНЕВНИТЕ БОЛНИЦИ/ЦЕНТРИ ПРЕКУ ЕДНОДНЕВНИ ИНТЕРВЕНЦИИ И ОЦЕНКА НА УСПЕШНОСТА ПРЕКУ УВИД ВО РАБОТЕЊЕТО**

- **Развој на дневните болници преку еднодневни интервенции**
- **Развој на дневни центри за континуирано следење на пациенти од одредени (хронични незаразни) заболувања**
- **Отварање на Национален Центар за зависности**
- **Организација на Ургентен Центар во Скопје како и подобрување на Итната медицинска служба и Ургентните служби во Републиката**

**4. ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНИ ЗАШТИТА ОРИЕНТИРАНА КОН ЗАЕДНИЦАТА**

- **Примарно здравство**
- **Анализа на ефектите од работата на избраните доктори во рамки на постојниот модел на финансирање на ПЗЗ**
- **Подобрување на статусот и улогата на медицинските сестри**
- **Унапредување и континуиран развој на надлежностите и системот на поливалентни патронажна дејност во РМ**
- **Континуирани обуки на лекарите**
- **Семејна медицина**

**5. ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА**

- **Јавно –приватно партнерство**

- **Утврдување на критериуми преку кои ќе се склучуваат договори за соработка со постоечките приватни болници**
- **Заокружување на процесот на приватизацијата во ЈЗУ со издавање подзакуп на деловниот простор во установите на вработените кои вршат правно, финансиски, административно-технички, сметководствени и други помошни работи заради самостојно вршење на тие работи**
- **Анализа со информација за завршената трансформација во ПЗЗ со издавање под закуп на просторот и опремата од ЈЗУ, првенствено на вработените, здравствени работници со високо образование вработени кај нив**
- **Анализа на специјалистичко – консултативната дејност од ЈЗУ и разгледување на можностите за трансформација на овие служби**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И ОДДРЖЛИВОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

### 1.ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ЕФИКАСЕН, ТРАНСПАРЕНТЕН И ОДДРЖЛИВ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

- **Развој на здравствените установи во насока на прилагодувањето кон потребите на населението плаќање по основ на извршени здравствени услуги (во доменот на специјалистичка – консултативна и болничка дејност)**
- **Проект за плаќање на болниците по успешност**
- **Зајакнување на надворешната и внатрешната ревизија на финансиското работење на ФЗОМ и ЈЗУ**

### 2. ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ И ДОСТАПНОСТ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

- **Воведена медицина заснована на докази**
- **Редефинирање на основниот пакет на здравствени услуги во рамките на здравственото осигурување и целни превентивни мерки**
- **Воведување на целосно здравствено осигурување на населението во РМ**
- **Подобрување на квалитетот на животот на старите лица**

**3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА СО ЈАСНО ДЕФИНИРАНИ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ**

- **Дефинирање на регулативата и обврските на локалните власти во областа на здравствената заштита и унапредувањето на здравјето**
- **Нацрт- Проект за воведување на флуоризирано млеко во детските градинки**

**ПОДОБРА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ МЕЃУ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ, ЗАЈАКНАТИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НА СИТЕ НИВОА – РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**1. ПОДОБРА ДИСТРИБУЦИЈА НА ИНФОРМАЦИИТЕ ДО НАСЕЛЕНИЕТО, ПОДОБРА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ МЕЃУ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО**

- **Подобра дистрибуција на информациите до граѓаните**
- **Промоција на министерството и информирање на населението за постојната реформа во здравството**
- **Зголемена едукација на населението за водење здрав начин на живеење, превенција на болести и здравствена екологија преку медиумска поддршка, изработка, печатење и дистрибуција на пропаганден материјал**

**2. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО**

- **Вклучување на граѓанското општество при донесување на одлуки од јавен интерес и управување со јавните финансии**
- **Подготовка на концепт за учество на локалните структури и НВО во развивањето и спроведувањето на информативни кампањи и едукативни работилници за унапредувањето на здравјето и превенција од болести**

**3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО**

- **Подготовка на долгорочна проекција на потребите на здравствениот кадар која ќе биде основа за креирање на уписната политика на соодветните факултети, високи и средни школи**
- **Анализа на реалните потреби на човечки ресурси во министерството**
- **Зајакнати капацитети за човечки ресурси на сите нивоа**
- **Систем за електронско раководење со документи**

## ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

1. **ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО**
2. **ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕТО И СУЗБИВАЊЕТО НА БРУЦЕЛОЗАТА**
3. **ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ**
4. **ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА**

5. **ПРОГРАМА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ**
6. **ПРОГРАМА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДДЕЛНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**
7. **ПРОГРАМА ЗА ЦЕЛОСНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ НЕ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**
8. **ПРОГРАМА ЗА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**
9. **ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО**
10. **ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА**
11. **ПРОГРАМА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА**
12. **ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СИДА**
13. **ПРОГРАМА “ ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ”**
14. **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ И ОТКРИВАЊЕ НА ЕПИДЕМИИ АЛЕРТ**
15. **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕГУНАРОДНИОТ ЗДРАВСТВЕН ПРАВИЛНИК**
16. **ЗДРАВСТВЕНО-ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА НАСЕЛЕНИЕТО**
17. **АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕЛИМИНАЦИЈА НА МОРБИЛИ**
18. **ПРИПРЕМНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПАНДЕМИЈА ОД ГРИП**
19. **ЕДУКАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ПРЕВЕНТИВЕН КАДАР**
20. **ПОДОБРО ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ НА ДЕЦА ДО 14 ГОДИШНА ВОЗРАСТ ПРЕКУ ВОСПОСТАВЕН СИСТЕМ НА ЈАВНА СТОМАТОЛОШКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ДОМОВИ**
21. **ОДДРЖУВАЊЕ НА НИСКАТА ПРЕВАЛЕНЦА НА ХИВ ВО МАКЕДОНИЈА: ЗАЈАКНУВАЊЕ И**

**ФОКУСИРАЊЕ НА ИНТЕРВЕНЦИИТЕ**

22. **СТРАТЕГИЈАТА ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ 2008-2015 (спроведување на активностите кои произлегуваат од Акциониот план)**
23. **СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА И ПЕДОФИЛИЈА 2009-2012 (спроведување на активностите кои произлегуваат од Акциониот план)**
24. **ДЕКАДА НА РОМИТЕ (спроведување на активностите кои произлегуваат од Акциониот план)**
25. **НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ ВО РМ (спроведување на активностите кои произлегуваат од Акциониот план)**

## КУРАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. **ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА**
2. **ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ ЛИЦА КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА, ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ БОЛНИ, ХОРМОН ЗА РАСТ И ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИ ОД ХЕМОФИЛИЈА**
3. **ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНСУЛИН ЗА ИНСУЛИНО - ЗАВИСНИТЕ ПАЦИЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
4. **ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ**
5. **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И ДЕТЕКЦИЈАТА НА ТБ ВО РМ**
6. **НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2012 ГОДИНА**

## ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ ПОДГОТВЕН ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

1. **КООРДИНАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МУЛТИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА**
2. **КООРДИНАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА**
3. **КООРДИНАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА**
4. **КООРДИНАЦИЈА И УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТИТЕ НА СТО**
5. **КООРДИНИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ КОИ ПРИЗЛЕГУВААТ ОД СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА ПОВРЗАНИ СО ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
6. **КООРДИНАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ И ДОГОВОРИ**
7. **УСОГЛАСУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ**
8. **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИПА ПРОЕКТИ**
9. **ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА**

## МЕНАЏИРАЊЕ НА КРИЗНИ СОСТОЈБИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР

1. **ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУКЦИОНИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВОТО ВО УСЛОВИ НА ВОЈНА И ДРУГИ ВОНРЕДНИ ОКОЛНОСТИ**

- **Изработка на проценка на Републички резерви на лекови и потрошен медицински материјал**
- **Изработка на оперативен план за функционирање**
- **Осврт на епидемиолошката состојба**
- **Вежби од Национален карактер**

2. **МЕНАЏИРАЊЕ НА КРИЗНИ СОСТОЈБИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ВО РМ**

- **Ажурирање на детални оперативни планови за брзи дејства на заштита и спасување во координација со Дирекцијата за спасување и Центарот за управување со кризи**
- **Организациона поставеност на Службата за итна медицинска помош**
- **Организирање на семинари, едукации и работилници за менаџерските тимови од ЈЗУ**
- **Имплементација и операционализација на Националната платформа на РМ за намалување на ризици од несреќи и катастрофи**

3. **ЕВИДЕНЦИЈА И ПЛАНИРАЊЕ НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ВО РМ**

- **Водење евиденција и ажурирање на целокупната медицинската опрема во ЈЗУ во РМ**

| **А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМАТА** |
|---|
| **Образложение:** Програмата **МОДЕРНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР** произлегува од: **ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008-2012, ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА ЗА 2012 ГОДИНА, УТВРДЕНАТА ЗДРАВСТВЕНА СТРАТЕГИЈА ДО 2020 ГОДИНА, МИЛЕНИУМСКИТЕ ЦЕЛИ НА ОН ВО ДЕЛОТ ЗА ЗДРАВСТВОТО.**<br><br>**ПРОГРАМАТА ПРЕТСТАВУВА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СРЕДНОРОЧНИТЕ ЦЕЛИ ДЕФИНИРАНИ ВО СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 2008 – 2010; 2009 – 2011; 2010 - 2012; 2011-2013 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**<br><br>1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во **ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА ЗА 2012 ГОДИНА:**<br><br>• ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА ТРАЈНА ОСНОВА, ПОВИСОКА СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ, ПОРАСТ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ ;<br><br>- модернизација и унапредување на здравствениот сектор и воспоставување на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен информатички систем<br>- спроведување на политиката за рамномерен регионален развој<br>- инвестирање во изградба на инфраструктурни објекти |
| 2. НПАА<br>**ПОГЛАВЈЕ 1, СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ,**<br>**ПОГЛАВЈЕ 28, ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ** |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br><br>**ПОДОБРЕНА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА НАСЕЛЕНИЕТО**<br>**ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ**<br>**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ КОИ СЕ ПОВЕЌЕ ФОКУСИРАНИ КОН ПОТРЕБИТЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ**.<br>**ПРИСПОСОБЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА КОЈ ЌЕ БИДЕ ПОДГОТВЕН ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ** |

| **Назив на Програмата:**<br><br>**МОДЕРНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР** | **Цел на Програмата:**<br><br>**ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО НИВНОТО РАБОТЕЊЕ** |
|---|---|

**ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ НА ПРОГРАМАТА: Реконструирани и адаптирани болници; Воспоставен интегриран здравствен информатички систем, Имплементирана електронска здравствена картичка, Изградени амбуланти во рурални подрачја, Изграден дијагностички Центар во Клиничка Болница Тетово, Набавена нова медицинска опрема, Отворени дневни болници/центри преку еднодневни интервенции, Утврдени критериуми за јавно – приватно партнерство**

**ПРОГРАМАТА Е: ✔ ВЕРТИКАЛНА**

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (КОМПОНЕНТИ) ОД ПРОГРАМАТА:**

**МОДЕРНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР**

| | |
|---|---|
| **Резултат 1: ПОДОБРЕНА ЕФИКАСНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>-ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО МИНИМАЛНИ ПРЕКИНИ НА СОЦИЈАЛНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ ЖИВОТ<br>-ПОДОБРЕНА ИНФРАСТРУКТУРА<br>-ЗГОЛЕМЕНО ЗАДОВОЛСТВО НА ПАЦИЕНТИТЕ<br>-БРЗО, НАВРЕМЕНО ПРУЖАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ИТНИ СЛУЧАИ, ОПСЕРВАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ |
| **Резултат 2: НАБАВКА НА НОВА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>-ОБЕЗБЕДЕНА НАВРЕМЕНА И БРЗА ДИЈАГНОЗА, ДОСТАПНА ДО НАСЕЛЕНИЕТО, НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ЗАБОЛУВАЊЕТО ЕДНОДНЕВНИ ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ, НАМАЛУВАЊЕ НА БОЛНИЧКИ |

| | |
|---|---|
| | ДЕНОВИ И БОЛЕДУВАЊА<br>-ОПРЕМЕНОСТ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ СО ПОТРЕБНА АПАРАТУРА<br>-СОВРЕМЕНА ДИЈАГНОСТИКА, НАВРЕМЕНО ПОСТАВЕНА ДИЈАГНОЗА |
| **Резултат 3:**<br>**РАЗВОЈ НА ДНЕВНИТЕ БОЛНИЦИ/ЦЕНТРИ ПРЕКУ ЕДНОДНЕВНИ ИНТЕРВЕНЦИИ И ОЦЕНКА НА УСПЕШНОСТА ПРЕКУ УВИД ВО РАБОТЕЊЕТО** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>-БРОЈ НА ЕДНОДНЕВНИ ХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ, НАМАЛУВАЊЕ НА БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ И БОЛЕДУВАЊА<br>-НАМАЛУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ ПАЦИЕНТИ (КОРИСНИЦИ НА ОПОЈНИ ДРОГИ, ПРОБЛЕМИ ВО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ), СО РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ДЕИНСТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА, СО НАМАЛУВАЊЕ НА СТИГМА.<br>-БРЗО И НАВРЕМЕНО ПРУЖАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ИТНИ СЛУЧАИ |
| **Резултат 4: ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОРИЕНТИРАНА КОН ЗАЕДНИЦАТА** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>-ДОСТАПНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЦЕЛОКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ<br>-БРОЈ НА ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ОД ПЗЗ ВО ПРОЦЕСОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА СО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА МЕДИЦИНА БАЗИРАНА НА ДОКАЗИ<br>-ВКУПЕН БРОЈ НА КОНЦЕСИОНИРАНИ ПЗУ<br>-ОДНОС НА ПОФАЛБИ И ЖАЛБИ ПОДНЕСЕНИ ДО МЗ ОД СТРАНА НА ПАЦИЕНТИ |
| **Резултат 5: ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА НОВООСНОВАНИ ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ДИРЕКТНО ОД СТРАНА НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КАКО И ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОСНОВАНИ ПО ОСНОВ НА ЗАКУП И КОИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ КЕ ПОСТОЈАТ ВО КОНКУРЕНЦИЈА СО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ШТО КЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ПОКВАЛИТЕТНИ И ЕФИКАСНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ |

## А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМАТА

**Образложение:** Програмата **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И ОДДРЖЛИВОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ,** произлегува од: **ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008-2012, ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА ЗА 2012 ГОДИНА, УТВРДЕНАТА ЗДРАВСТВЕНА СТРАТЕГИЈА ДО 2020 ГОДИНА, МИЛЕНИУМСКИТЕ ЦЕЛИ НА ОН ВО ДЕЛОТ ЗА ЗДРАВСТВОТО.**

**ПРОГРАМАТА ПРЕТСТАВУВА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СРЕДНОРОЧНИТЕ ЦЕЛИ ДЕФИНИРАНИ ВО СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 2008 – 2010; 2009 – 2011; 2010 - 2012; 2011-2013 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во **ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА ЗА 2011 ГОДИНА:**

- **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА ТРАЈНА ОСНОВА, ПОВИСОКА СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ, ПОРАСТ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ**

  - модернизација и унапредување на здравствениот сектор и воспоставување на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен информатички систем
  - продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал;
  - заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на фискалниот капацитет на единиците на локалната самуправа;
  - јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата;

2. НПАА **Е- ЗДРАВСТВО, АПЕП ПОГЛАВЈЕ 1.1.1 ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ПРИОРИТЕТ БРОЈ 10 (ДА СЕ ПОДОБРИ ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА), НПАА-ПОГЛАВЈЕ 28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

3.Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:

**ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ,**
**ПОДОБРЕНА ДОСТАПНОСТ И СООБРАЗНОСТ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО**
**ОДРЖЛИВО ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВОТО**
**ОДРЖЛИВ, ЕФИКАСЕН И ДОСТАПЕН (ЕКОНОМИЧЕН) СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО**
**ВОСПОСТАВЕНИ ЕФИКАСНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ**
**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ КОИ СЕ ПОВЕЌЕ ФОКУСИРАНИ КОН ПОТРЕБИТЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ**
**ПОДОБРЕНО ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА ВО РАМКИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
**ОДРЖЛИВ, ЕФИКАСЕН И ДОСТАПЕН (ЕКОНОМИЧЕН) СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО**

| НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА: | ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА: |
|---|---|
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И ОДДРЖЛИВОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ** | **ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ЕФИКАСЕН, ТРАНСПАРЕНТЕН И ОДДРЖЛИВ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ**<br><br>-НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТОТ НА МЗ И ФЗОМ ЗА ФОРМУЛИРАЊЕ И ЕФЕКТИВНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОЛИТИКИ, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ СО ВРШИТЕЛИ НА УСЛУГИ;<br>-ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ШТО СЕ ПРУЖААТ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И РАЦИОНАЛНО ТРОШЕЊЕ НА ОГРАНИЧЕНИОТ ЗДРАВСТВЕН ДЕНАР, ЗГОЛЕМЕНО ЗАДОВОЛСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ, ПОГОЛЕМА ИНФОРМИРАНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ПОДОБРИ, ПОКВАЛИТЕТНИ И НАВРЕМЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ |

**Показатели на успех на програмата:**

**Развивање на здравствените установи кои се прилагодени кон потребите на населението**
**Воспоставен систем на плаќање по основ на извршени здравствени услуги во доменот на специјалистичка – консултативна и болничка ,**
**Воспоставен систем на плаќање на болниците по успешност**
**Зајакнат систем на надворешна и внатрешна ревизија на финансиското работење на ФЗОМ и ЈЗУ**
**Подобрен квалитет и достапност при обезбедувањето на здравствени услуги**
**Воставување на основен пакет на здравствени услуги во рамките на здравственото осигурување и целни превентивни мерки**

| | |
|---|---|
| **ПРОГРАМАТА Е:** ✔ **ВЕРТИКАЛНА** | |

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (КОМПОНЕНТИ) ОД ПРОГРАМАТА:**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И ОДДРЖЛИВОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

| | |
|---|---|
| **Резултат 1: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ЕФИКАСЕН, ТРАНСПАРЕНТЕН И ОДДРЖЛИВ ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br><br>-ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА ЈЗУ, СО НАМАЛУВАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ НА БОЛНИЦИТЕ,<br>-ПОДОБРЕНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО,<br>-РАБОТЕЊЕ БЕЗ ФИНАНСИСКИ ЗАГУБИ<br>-УВИД И КОНТРОЛА НА НАМЕНСКОТО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА УТВРДЕНИ ВО БУЏЕТСКИТЕ ЛИМИТИ НА ЈЗУ<br>-ИНФОРМАТИЧКО ПОВРЗУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛАТА НА ФЗОМ И ЈЗУ |
| **Резултат 2: ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ И ДОСТАПНОСТ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br><br>-ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИЗИРАН ТРЕТМАН НА СИТЕ ЗАБОЛУВАЊА<br>-ПОДОБРЕНА ДОСТАПНОСТ И СООБРАЗНОСТ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА НАСЕЛЕНИЕТО<br>-ДОНЕСЕН И ИМПЛЕМЕНТИРАН ЗАКОН ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО<br>-ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ НА РМ И ИНТЕГРИРАЊЕ НА КУРАТИВНИТЕ УСЛУГИ ОД |

| | |
|---|---|
| | ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО ВО ОПШТИОТ ПАКЕТ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ (ОПЗУ)<br>-ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРИСТАП НА УСЛУГИ ЗА ЗДРАВО И ДОСТОИНСТВЕНО СТАРЕЕЊЕ<br>-ИМПЛЕМЕНТИРАНА ЗДРАВСТВЕНА СТРАТЕГИЈА<br>-ДОНЕСЕН ЗАКОН ЗА ЈАВНО ЗДРАВСТВО<br>-ВОВЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО<br>-ИЗГОТВЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПАЛИЈАТИВНА ЗАШТИТА |
| **Резултат 3: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА СО ЈАСНО ДЕФИНИРАНИ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ** | **ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ:**<br>**-**ПОДОБРЕНО ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА ВО РАМКИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА<br>-БРОЈ НА ДЕЦА ОД ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО РМ КОИ ПИЈАТ ФЛУОРИЗИРАНО МЛЕКО |

## A: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМАТА

